**ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА СОСТОЈБАТА СО ЧОВЕКОВИТЕ ПРАВА ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ЗА 2019 ГОДИНА**

## ИЗВРШНО РЕЗИМЕ

Република Северна Македонија е држава со парламентарна демократија. Претседател избран на општи и непосредни избори е шеф на државата и врховен командант на вооружените сили. Еднодомно Собрание ја врши законодавната власт. Последните општи парламентарни избори во земјата се одржаа во 2016 година, а последните претседателски изборииво текот на годината. Во својот конечен извештај запарламентарните избори, Канцеларијата за демократски институции и човекови права при Организацијата за безбедност и соработка во Европа (ОБСЕ/ОДИХР) ги оцени изборите како транспарентни, добро спроведени и без поголеми нарушувања на јавниот ред, но и и како избори одржани “во опкружување окарактеризирано со недостаток на јавна доверба во институциите и политичкиот естаблишмент” и кои не успеале да исполнат одредени обврски, кои според ОБСЕ се важни за демократски изборен процес. Конечниот извештај на ОБСЕ/ОДИХР за претседателските избори во 2014 година забележа дека изборната кампања биле спроведена во спокојна и мирна атмосфера, со почитување на основните слободи на јавно собирање и изразување

Националната полиција ја одржуваше внатрешната безбедност, како и миграцијата и заштитата на границата и истата е во состав на Министерството за внатрешни работи. Цивилните власти одржуваа делотворна контрола врз безбедносните сили.

Меѓу важните прашања поврзани со човековите права беа високото ниво на корупција и насилството против лицата од ЛГБТИ заедницата.

Властите преземаа мерки за идентификација, водење истраги, кривично гонење и казнување на службените лица одговорни за злоупотреби. Канцеларијата на Народниот правобранител, сметаше дека неказнивоста на полициските службеници продолжи да претставува проблем.

**Поглавје 1. Почитување на личниот интегритет, како и заштита од:**

**а. Произволно лишување од живот и други незаконски или политички мотивирани убиства**

Немаше извештаи дека властите или нивни претставници извршиле произволни или незаконски убиства.

**б. Исчезнувања**

Немаше извештаи за исчезнати лица по однос на кои вината би можела да се припише државните власти или друг субјект во нивно име.

**в. Тортура и друг вид сурово, нечовечно или понижувачко постапување или казнување**

Уставот и законите забрануваат вакви практики, но имаше одредени извештаи според кои полицијата злоупотребувала притвореници и затвореници и употребилапрекумерна сила. Властите спроведувале истраги и кривиченда прогон во случаите со основани наводи. Секторот за внатрешна контрола и професионални стандарди при Министерството за внатрешни работи, соопшти дека во текот на првите седум месеци од годината има постапувано по 27 жалби против полициски службеници за употреба на прекумерна сила. Осум од овие жалби биле одбиени како неосновани, а само во еден случај жалбата била прифатена и се постапувало по неа.

**Услови во затворите и одделенијата за притвор**

Забележителни чекори за подобрување наживотните услови во затворите и притворските одделенија беа преземени по Извештајот од Октомври 2017 на Комитетот за спречување на тортура при Советот на Европа. Врз основа на посета остварена во 2016 година, извештајот ги опиша условите како еднакви со сурово, нечовечно и понижувачко постапување. .

Физички услови: Во државата има 11 затвори и два поправни домови за малолетни лица. Седум затвори поседуваат и одделенија за предсудски притвор. Малолетните затвореници престојуваат во посебни одделенија.

Според Министерството за правда и канцеларијата на Народниот правобранител, пренатрупаноста на затворите повеќе не претставува значителен проблем и покрај тоа што казнено - поправниот систем и понатаму продолжи да страда поради недоволно финансирање и недостаток на стручен кадар. Според официјалните податоци на Министерството за правда, на 3 септември, вкупниот капацитет на овие институции изнесувал 2,026 лица, а во нив биле сместени 1,879 затвореници.

На 29 мај, Европската комисија (ЕК) го објави својот извештај за напредокот на земјата во кој се посочува дека надлежните државни органи постапиле по препораките содржани во извештајот на КСТ и на тој начин придонеле кон подобрување на состојбите од аспект на спречувањето на евентуална тортура и злоупотреба. Лошите услови во полициските станици, центрите за социјална грижа и психијатриските институции и понатаму остануваат како проблем.

Според извештајот на Народниот правобранител од 13 септември, затворите и одделенијата за притвор и понатаму не ги задоволуваат меѓународните стандарди, при што, како најчесто пријавувани слабости се посочуваат несоодветната здравствена грижа и лошите општи животни услови. Лошите услови за престој и несоодветните служби за рехабилитација во затворот во Охрид, и понатаму го зголемуваат ризикот од можна изложеност на малолетните затвореници на насилство и експлоатација. До 13 август, во сите затвори беа евидентирани вкупно седум смртни случаи. Според извештаите, во еден од нив станувало збор за самоубиство, додека останатите починале од други причини.

До Управата за извршување санкции при Министерството за правда се поднесени 18 интерни известувања за употреба на сила од страна на затворската полиција против затвореници. . Во сите овие случаи, Управата утврдила дека посочените службени лица постапиле во согласност со Стандардните оперативни процедури. Управата примила и една надворешна пријава за наводна употреба на сила од страна на полициски службеници врз затвореник, поднесена од членовите на неговото семејство. Во овој случај,

Управата за извршување санкции утврдила неправилности во постапувањето од страна на затворскиот полицаец и пријавата ја препратила до затворската дисциплинска комисија, која утврдила дека во постапките на конкретниот затворски полицаец немало ништо незаконско.

До Националниот превентивен механизам во рамки на канцеларијата на Народниот правобранител, исто така, беа доставени жалби против одредени затворски чувари од затворот во Охрид, поради наводна злоупотреба и тортура на малолетни затвореници. Немаше информации за тоа дали била преземена истрага во врска со овие жалби.

Освен водењето истраги за наводи за полициска злоупотреба, Секторот за внатрешна контрола и професионални стандарди при Министерството за внатрешни работи е задолжен и за водење на сите внатрешни истраги за евентуални наводи за други прекршоци или престапи, каде како сторители се посочуваат припадниците на полицијата. Секторот има овластување да изрекува административни санкции, како на пример, привремено отстранување од работното место во текот на истрагата. Секторот не може да изрекува дисциплински мерки, за кои е потребна одлука на дисциплинската комисија и не може да изрекува посериозни кривични санкции, за кои е потребно да се води посебна кривична постапка.

Низ затворите, надлежните органи во рамки на Министерството за правда продолжија со дистрибуција на брошурите што беа изработени со помош на ОБСЕ, во кои на затворениците им се објаснува начинот, на кој можат да поднесат анонимни претставки за несоодветно постапување до канцеларијата на Народниот правобранител.

<u>Администрација</u>: Извештајот на Народниот правобранител од 2018 година посочува само неколку жалби од затвореници за непрофесионално постапување и насилство од страна на вработените задолжени за затворското обезбедување. Надлежните органи ги разгледале жалбите и спровеле истраги за утврдување на основаноста на таквите наводи за несоодветно постапување. До 13 септември, до Народниот правобранител беа поднесени четири претставки за насилство во затворите. Од нив, две претставки за наводно малтретирање од страна за затворските чувари беа отфрлени како неосновани, а против еден од пријавените припадници на затворската

полициска служба беше поведена дисциплинска постапка. Во четвртиот случај станувaше збор за жалба против група на затворски чувари, на кои им беа изречени дисциплински мерки, затоа што не спречиле напад на еден затвореник врз друг.

Бројот на затвореници без соодветни документи за лична идентификација се намали. Во 2017 година беа евидентирани 900 затвореници без лични карти за идентификација, а во месец октомври оваа бројка беше намалена на нешто под 285.

Независен надзор: Согласно законот и со претходна дозвола од судија на претходна постапка судија, медицинските лица, дипломатските претставници и претставниците од Комитетот за спречување тортура и Меѓународниот комитет на Црвениот крст, имаат право да вршат посети на притворените лица. Врз основа на Меморандумот за разбирање потпишан во месец ноември 2018 година, надлежните владини органи овозможија неограничен пристап до осудените и затворени лица за претставниците на националниот Хелсиншки комитет за човекови права. Претставниците од канцеларијата на Народниот правобранител редовно (еднаш месечно) ги посетуваат затворите низ државата и ги истражуваат сите веродостојни наводи за проблематични услови.

Подобрувања:

Во текот на годината беа срушени запуштените објекти во најголемиот затвор Идризово, а поради лошите животни услови затворот во Битола беше затворен за потребите на негова целосна реконструкција.

Во месец јуни веќе беше обезбедено здравствено осигурување за сите затвореници преку Управата за извршување санкции, но, сепак, пристапот до соодветна здравствена грижа и понатаму останува отворено прашање. Исто така, затворениците имаат пристап до топла вода за одржување лична хигиена. Вработените лица во затворите, казнено – поправните и воспитно – поправните установи добија соодветна обука во однос на новиот *Кодекс за однесување на службените лица во извршувањето на работните задачи*, изработен врз основа на *Европскиот етички кодекс за затворскиот персонал*.

**г. Неосновано лишување од слобода или задржување**

Законот забранува неосновано лишување од слобода или притворање, и предвидува право за секого да ја спори законитоста на неговото/нејзиното лишување од слобода или притворање пред суд. Генерално, надлежните државни органи ги почитуваа овие правила.

**Процедури за лишување од слобода и постапување со задржаните лица**

Согласно законот, судијата е должен да издаде налог за апсење и притворање на осомничени врз основа на одредени докази, а полицијата генерално го почитуваше ваквиот законски услов. Според законот, обвинителството е должно, задржаното лице да го изведе пред судија во рок од 24 часа по лишувањето од слобода. На барање на надлежниот обвинител, судијата на претходна постапка може да нареди задржување на осомниченото лице, најмногу до 72 часа пред првичното изведување пред судот. Генерално, полицијата се придржуваше кон овие процедури. Вообичаено, надлежните власти навремено ги информираа задржаните лица за обвиненијата што им се ставаат на товар. Пред подигнување на обвинителен акт, притворот може да трае најмногу 180 дена. Откако ќе биде подигнато формално обвинение, притворот во текот на судење може да трае најмногу две години.

Во текот на првите шест месеци од годината, канцеларијата на Народниот правобранител прими три претставки за наводно малтретирање на притворени лица. Во два случаи наводни сторители биле затворските службеници, а во еден случај одговорни за малтретирањето биле други притвореници. Во случајот каде нападот наводно бил извршен од страна на други притвореници била поведена дисциплинска постапка против неколку службени лица задолжени за обезбедување во затворите поради неизвршување на нивните должности. Во случајот на двете службени лица било утврдено дека наводите се неосновани. До Единицата за професионални стандарди при Министерството за внатрешни работи беа доставени четири жалби за наводна прекумерна употреба на сила за време на вршење службено испитување на осомничени и задржани лица. Единицата за професионални стандарди поднесе кривична пријава против еден полициски службеник за

несоодветно полициско постапување, а другите три жалби ги отфрли поради недостаток на докази.
Во државата постои функционален систем на гаранции за обезбедување присуство на обвинетите. Согласно законот, обвинетите имаат право да комуницираат со адвокат по сопствен избор, меѓутоа, надлежните државни органи секогаш не ги информираа задржаните лица за ова нивно право на најсоодветен начин и не секогаш овозможија да се консултираат со адвокат пред првичното изведување пред судија на претходна постапка. Сиромашните лица што се задржани или се наоѓаат во притвор, имаат право на адвокат по службена должност назначен од државата и генерално, надлежните органи го почитуваа ова право. Вообичаено, судиите им дозволуваа на адвокатите да ги посетуваат своите клиенти во притвор. Надлежните органи во земјата не практикуваа притворање на лица со целосна забрана за надворешна комуникација.

Покрај водењето истраги за пријавите за наводна злоупотреба од страна на полицијата, Единицата за професионални стандарди при Министерството за внатрешни работи ги спроведуваше и сите истраги за било какви наводи за други форми на несоодветно полициско постапување. Во текот на истрагите, оваа Единица има законско овластување да изрекува одредени административни санкции, како на пример привремено отстранување од работното место. Единицата не може да изрекува дисциплински мерки, за кои е потребна одлука на дисциплинска комисија и не може да изрекува посериозни кривични санкции, за кои е потребно да се води посебна кривична постапка.

<u>Притвор пред судење</u>: Во најголем број случаи, судовите ја почитуваа законската процедура за одредување притвор. Во текот на годината, во споредба со 2018 година, бројот на издадени решенија за притвор малку се зголеми, во најголем дел во предметите што ги водеа Основното јавно обвинителство за гонење организиран криминал и корупција и Основното јавно обвинителство во Скопје. Обвинителите низ земјата поднесуваа барања за одредување притвор во 5 до 10 проценти од предметите по кои постапуваа. Вообичаено, обвинителите поднесуваа барања за одредување превентивни мерки за осомничените и осудени лица, а судовите истите ги одобруваа со цел да се спречи ризикот од бегање, манипулација со доказите и повторување или вршење нови кривични дела.

**д. Повреда на правото на правично и јавно судење**

Уставот предвидува постоење на “самостојни и независни” судови, поддржани од независен и самостоен Судски совет. Ограничената независност на судството, политизираноста на органот задолжен за контрола на судството и неговото несоодветно финансирање, и понатаму претставуваа пречка за нормално и ефективно функционирање на судовите.

Властите покажаа поголема почит за судската независност и непристрасност во споредба со претходните години, . Според извештајот на ЕК од 29 мај, правосудниот систем во државата остварил добар напредок во адресирањето на “итните реформски приоритети потребни за членство во ЕУ”, како и на препораките на Венецијанската комисија и на Групата високи експерти за системски прашања во сферата на владеењето на правото. Државата покажа континуирана решителност за подобрување на судскиот систем, а без донесени и конечни пресуди во неколку предмети по кои постапуваше Специјалното јавно обвинителство, а кои беа од голем интерес за јавноста.

Според граѓанската организација Сите за правично судење, која е специјализирана за прашања поврзани со владеењето на правото, во споредба со другите предмети во надлежност на канцелариите на Јавното обвинителство во државата, судските постапки во 20-те предмети по кои постапуваше Специјалното јавно обвинителство во просек траеле подолго, поради различните одложувања од процесен карактер. На 30 јуни 2017 година, судовите постапуваа по вкупно 20 предмети на Специјалното јавно обвинителство. До 1 ноември, само во два од овие случаи беа донесени конечни пресуди.

Според податоците на канцеларијата на Јавниот правобранител, во периодот од јануари до август, граѓаните поднеле 176 претставки во врска со функционирањето на правосудниот систем. Народниот правобранител презеде активности во врска со 48 од овие претставки, со давање препораки за различни мерки за подобрување на состојбата, додека самиот судски систем презеде мерки во врска со 20 случаи.

Во периодот помеѓу 1 јануари и 31 август, Народниот правобранител постапувал во својство на таканаречен "пријател на судот" (*amicus curiae* за човекови права) во пет судски предмети. Ова беше прв пат Народниот правобранител да се јави во улога на *amicus curiae*, што беше овозможено со неговите зголемени овластувања предвидени со законските измени и дополнувања од 2016 година.

Иако постојат стриктни правила што го регулираат распоредувањето на судските предмети на поединечните судии преку електронскиот систем за управување со судски предмети, во месец септември 2018 година, надлежното Основно јавно обвинителство во Скопје повика на информативен разговор неколку лица, откако претходно со ревизијата за 2017 година беше откриено дека се вршени манипулации со системот за распоредување, со цел, предметите да се доделуваат на конкретни судии. На 18 јуни, Министерството за правда ги објави наодите на сопствената Надзорна комисија, по извршениот увид во функционирањето на Информатичкиот систем за автоматско управување со предмети во судовите (АКМИС) и неговата употреба во шест судови. Заклучоците во извештајот на комисијата посочуваат дека предметите биле распоредувани на судиите по случаен избор со помош на АКМИС системот и не биле пронајдени докази за евентуално рачно распоредување на предметите на конкретни судии. Во извештајот се посочени одредени неправилности, како на пример, судски предмети што не се соодветно архивирани, недостаток од судски кадри и информатичка опрема, како и неефикасен надзор врз работата на судовите од страна на Судскиот совет.

На 8 јули, Основното јавно обвинителство во Скопје подигна обвинение против поранешниот Претседател на Основниот кривичен суд Владимир Панчевски, поради злоупотреба на службена должност, а Судскиот совет го суспендираше Панчевски на 17 јули, во очекување на судската разврска во конкретниот предмет. Судскиот процес требаше да започне на 21 октомври, меѓутоа, истиот беше одложен.

На 10 септември, Судскиот совет ги разреши Претседателот на Врховниот суд Јово Вангеловски и неговата колешка Рахилка Стојковска, исто така судија во Врховниот суд, поради незаконски постапување, а во врска со нивната вмешаност во носењето на одлуката во месец мај 2017 за поништување на

издаденото решение за притвор против едно обвинето лице. Вангеловски претседавал со петчлениот судски совет, кој ја донел одлуката со која на обвинетиот му било овозможено да остане на слобода, откако претходно два месеци бил надвор од земјата. Вангеловски пред медиумите изјави дека ќе ја обжали одлуката против него, поради процесни повреди и погрешна примена на материјалниот закон.

**Судски постапки**

Уставот и законите го гарантираат правото на фер и правично судење и генерално, судството го спроведуваше ова право.

Согласно законот, секое обвинето лице се смета за невино, сè додека не биде докажана неговата вина. Обвинетите имаат право да бидат навремено и детално информирани за обвинението против нив (со обезбеден бесплатен преведувач, доколку за тоа има потреба). Генерално, судењата беа отворени извршувањето на граѓански пресуди, што доведувале до повреди на правата на граѓаните.

За одредени кривични и граѓански предмети, судските совети се состојат од три до пет поединци, на чело со професионален судија. Постојат случаи во кои, надлежните власти не им обезбедиле доволно време и можности на обвинетите да ја подготват својата одбрана. Поконкретно, лицата против кои беа покренати обвиненија од страна на Специјалното јавно обвинителство (СЈО) се жалеа дека понекогаш судот не им дал доволно време за да подготват квалитетна одбрана. Обвинетите имаат право да комуницираат со адвокат по сопствен избор, а за лицата кои финансиски не можат да си го дозволат тоа, државата назначува адвокат на нејзин трошок. Обвинетите имаат право да ги испитуваат сведоците и да изведуваат докази во своја полза. Државните органи не смеат да ги принудуваат обвинетите да сведочат или да признаваат вина. Обвинителството и обвинетите имаат право да ги обжалуваат судските пресуди.

На 15 март, Основниот кривичен суд во Скопје донесе пресуда против 16 лица, обвинети за случувањата од 27 април 2017 година, односно за насилство и “терористичко загрозување на уставниот поредок и безбедноста". На поранешниот директор на Бирото за јавна безбедност му беше изречена

затворска казна од 18 години. Двајца од обвинетите добија ослободителни пресуди. Од вкупно 33 обвинети лица опфатени со обвинителниот акт, судот амнестираше 15, врз основа на законот за амнестија усвоен од страна на Собранието во месец декември 2018 година. Со тој закон се овозможи амнестија за некои од учесниците во нападите, меѓутоа, не и за оние што извршиле насилство, носеле оружје или пак учествувале во организацијата на инцидентот.

**Политички затвореници и притворени лица**

Немаше извештаи з аполитички затвореници или притвореници.

**Граѓански судски постапки и правни лекови**

Граѓаните имаа пристап до судовите и можност за поведување постапки за надомест на штета поради повреди на нивните човекови права. Поединците можат да поведуваат постапки за повреда на човековите права пред кривичните, граѓанските или управните судови, како и пред Уставниот суд, во зависност од видот на повредата на човековите права во конкретниот случај и сторителот на наводната повреда. Граѓаните имаат право и на жалба против сите неповолни пресуди. Законот на граѓаните им го гарантира и правото на судење за прекумерно оддолжување на судските постапки. Вообичаено, владините органи и ги почитуваа граѓанските одлуки на домашните судови. По исцрпување сите домашни правни лекови, за сите повреди на Европската конвенција за човекови права од страна на државата граѓаните имаат право да поднесат жалба до Европскиот суд за човекови права (ЕСЧП).

**Поврат на имот**

Државата има закони и механизми, а невладините организации (НВО) и застапничките групи известија дека државата има остварено значителен напредок во сферата на решавањето на имотните барања поврзани со периодот на холокаустот, поднесени од граѓаните во земјата. Државата нема закони или механизми за решавање на имотните барања поврзани со периодот на холокаустот поднесени од странски државјани. Повратот на имотите одземени за време на холокаустот повеќе не е прашање од поголем значај во земјата, особено по усвојувањето на Законот за денационализација

од 2000 година и спогодбата за обесштетување за одземен имот од 2007 година.

Законот за денационализација од 2000 година го гарантира правото на поранешните сопственици и нивните наследници за денационализација на имотот одземен по месец август 1944 година, во согласност со законските одредби за правото на наследство. За да го остварат ова право, во моментот на стапување на сила на законот се бараше граѓаните да поседуваат важечко државјанство на земјата.

Спогодбата за обесштетување за одземен имот од 2007 година беше постигната помеѓу Владата, Фондот на Холокаустот и Еврејската заедница и истата предвидуваше исплата на вкупно 21.1 милиони евра (24.2 милиони долари) во периодот помеѓу јуни 2009 и јуни 2018 година. Во месец март, Светската еврејска организација за реституција (СЕОР) презеде обврска да ѝ помага на Еврејската заедница во идентификацијата на сите легитимни побарувачи. Владата ја искажа својата подготвеност за формирање работна група, меѓутоа, до месец септември не беа преземени никакви активности за таа цел.

Според извештаите на одредени застапнички групи, некои странски државјани кои не се опфатени со Законот од 2000 година, и понатаму бараат враќање на нивните имоти. Странските државјани можат да бараат враќање на нивните имоти во граѓански судски постапки.
Државата е потписник на Декларацијата од Терезин од 2009 година.

Според тврдењата на Исламската верска заедница на Северна Македонија (ИВЗ), власта не успеала да обезбеди навремено враќање на имотот одземен во времето на Социјалистичка Федеративна Република Југославија. Меѓу оспоруваниот имот се наоѓа и џамијата Хусамедин Паша во Штип, која била национализирана во 1955 година. ИВЗ тврди дека дури и во 2019 година власта презела одредени активности, поради кои ИВЗ била спречена да си ја поврати законската сопственост над комплексот на џамијата.

Во месец септември, една организација на Власите од Битола тврдеше дека преземените мерки од страна на власат во 2016 година, ја спречиле организацијата да го остварува законското право на сопственост врз црквата

на Свети Константин и Елена изградена во 1903 година. Според нивните наводи, власта ја пренела сопственоста врз црквата на Македонската православна црква – Охридска архиепископија (МПЦ-ОА) без согласност на заедницата.

До 31 август, до канцеларијата на Народниот правобранител беа доставени 116 претставки во врска со имотните права. Од нив, 37 се однесувале на процесот на денационализација, 35 со прашањето на сопственост, а 20 биле поврзани со утврдувањето на урбанистичките зони.

**ѓ. Неосновано или незаконско мешање во приватноста, семејството, домот или преписката**

Законот забранува вакви постапки и генерално, власта обезбеди целосно почитување на ваквата забрана во текот на годината

Во текот на годината, власта продолжи да презема мерки за справување со последиците од откривањето на аферата за нашироко распространетото, незаконско телефонско прислушување, кое наводно повеќе години се одвивало во рамки на централата на Управата за безбедност и контраразузнавање, под контрола на претходната власт предводена од ВМРО-ДПМНЕ. Скандалот со прислушувањето првично го откри тогашната опозициската партија СДСМ, во 2015 година.

На 22 мај, Собранието го усвои Законот за Агенцијата за национална безбедност (АНБ), со кој беше формирана нова агенција, како замена за Управата за безбедност и контраразузнавање (УБК). АНБ функционира независно од Министерството за внатрешни работи и е предмет на засилен собраниски надзор. На 22 мај беа усвоени и други законски решенија во рамки на безбедносниот сектор, вклучувајќи го и Законот за координација на безбедносно - разузнавачката заедница, како и измени и дополнувања на Законот за следење на комуникациите, Законот за внатрешни работи и Законот за странци. Агенцијата започна со работа на 1 септември.

Во месец април, Јавното обвинителство отвори истрага во врска со мобилната апликација под назив “Избори 2019”, која се користеше во текот на претседателската изборна кампања и прашањето, дали со истата на

незаконски начин се собирале лични податоци од граѓаните. Во месец септември, истрагата сè уште беше во тек.

Во 2016 година, Собранието донесе измени и дополнувања на Законот за заштита на приватноста, со кои се забранува поседувањето, обработка и објавувањето на било какви содржини, вклучувајќи и снимки од прислушувани разговори, со кои се повредува правото на приватност во однос на личниот или семејниот живот. Овие измени и дополнувања, исто така, ја забрануваат употребата на такви материјали во текот на изборни кампањи или за други политички цели.

Оперативно - техничката агенција (ОТА), одговорна за законското следење на комуникациите во земјата, започна со работа во месец ноември 2018 година. Таа ги поседува техничките можности и услови за операциите на законско следење на комуникациите и функционира преку сопствен буџет, одвоен од оној на Министерството за внатрешни работи. На 14 март, Претседателот на Собраниската комисија за надзор врз спроведувањето на мерките за следење на комуникациите, Емил Димитриев, објави дека членовите на Комисијата биле во посета на ОТА и во текот на истата “не се утврдени никакви нерегуларности” во однос на нејзиното работење.

## Поглавје 2. Почитување на граѓанските слободи, вклучително и:

### а. Слобода на говор и медиумска слобода

Уставот ја гарантира слободата на говорот и изразувањето, вклучително и за претставниците на медиумите. Власта оствари напредок во почитувањето на медиумската слобода и слободата на изразување, меѓутоа и понатаму се присутни одредени проблеми, како на пример, слабата независност на медиумите и насилството и заплашувањето на новинарите.

Во извештајот на ЕК од 29 мај за остварениот напредок на земјата се наведува дека “постои континуирано подобрување на општата состојба и политичката клима во сферата на медиумите”. Во извештајот се говори и за зголемените владини напори за поддршка на медиумите преку промени во законодавството и финансиските субвенции наменети за печатените медиуми. Во извештајот се потенцира и дека професионалните организации го поздравуваат отворениот дијалог и подобрената транспарентност на државните институции.

Во извештајот на Фридом Хаус под наслов *Слобода во светот 2019* се наведува дека “и покрај тоа што медиумите и граѓанскиот сектор се активни, новинарите и активистите се изложени на притисоци и заплашување”. Во извештајот се посочува дека постои “медиумската средина била длабоко поларизирана по политички линии  и дека приватните медиумски куќи се често поврзани со одредени политички или деловни интереси, кои влијаат врз нивните медиумски содржини. Постојат и некои критички настроени и независни медиуми, кои во најголем дел функционираат преку интернет.”

До месец септември, власта немаше преземено мерки за адресирање на загриженоста што главните медиумски фактори ја искажаа во  во отворено писмо во месец јули 2018 година по однос на предвидените измени на изборниот закон објавени истиот месец, а со кои се овозможи, парите на даночните обврзници да се користат за водење политички кампањи преку комерцијалните медиуми.

Слобода на јавно изразување: Законот забранува говор со кој се поттикнува национална, верска или етничка омраза и предвидува соодветни казни за повредите на оваа забрана. Луѓето имаат право да ја критикуваат власта јавно или во приватно опкружување.

Печатот и медиуми, , вклучително и интернет медиуми: И покрај тоа што медиумските куќи и начинот на нивното известување и понатаму беа поделени по политички линии, зголемен е бројот на независни медиуми кои активно ги изразуваат своите различни ставови без никакви видливи ограничувања. Законите со кои се забранува говор со кој се поттикнува национална, верска и етничка омраза ги опфаќаат и печатените и електронските медиуми, книгоиздателската дејност, како и електронските весници и списанија.

Во месец јануари беше формирана национална Мрежа за борба против говор на омраза во медиумите, под покровителство на Советот за етика во медиумите и со поддршка на ОБСЕ. Во Мрежата се вклучени 17 субјекти, а меѓу нив има медиумски и новинарски здруженија, граѓански организации, владини органи и други релевантни чинители. Во месец февруари, со реализација започна кампања за подигање на свеста под мотото "Сподели почит – Стоп омраза". Власта ги прифати овие организации и не ги забрануваше или ограничуваше нивните активности.

Во декември и февруари 2018 година, власта усвои измени и дополнувања на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (ЗААМУ). Во извештајот на Европската комисија од месец мај се посочува дека спроведувањето на овој Закон бара "силна политичка заложба за гарантирање на професионализмот и почитување на начелата на транспарентност, назначување според заслуги и еднаква застапеност." Претставникот на ОБСЕ задолжен за слобода на медиумите, Арлем Десир, го поздрави усвојувањето на измените и дополнувањата на Законот, наведувајќи дека истиот, "сега е општо усогласен со европските и меѓународните стандарди за аудиовизуелните медиуми."

Владиното рекламирање на комерцијалните медиуми е забрането. Во извештајот на Европската комисија објавен во месец мај, се изразува загриженост дека законските измени со кои се дозволи јавно финансирање на кампањата за референдумот во 2018 година, преку објава на рекламни пораки

на комерцијалните медиуми, претставуваше ризик за можно политизирање на уредничките политики.

Во извештајот на ЕК се посочува и дека "се потребни понатамошни напори за саморегулација, за да се подобрат професионалните стандарди и квалитетот на новинарството". Според извештаите на Советот за етика во медиумите од месец август, 78 проценти од примените поплаки се однесуваат на неетичко известување или лажни вести на онлајн порталите.

На 5 мај, Основниот кривичен суд во Скопје изрече јавна опомена за 1ТВ поради прекршување на одредбите на Изборниот законик во врска со изборната медиумска кампања во текот на првиот круг од претседателските избори во месец април, затоа што телевизијата продолжила со политичко рекламирање и по истекот на законски предвидениот рок. На 12 јули, Апелациониот суд во Скопје ја потврди првостепената судска пресуда и изречената опомена за 1ТВ поради повредата на Законот.

<u>Насилство и вознемирување</u>: Во текот на годината имаше неколку пријавени случаи на наводно вознемирување и закани упатени до новинарите.

Претседателот на Здружението на новинари на Македонија, Младен Чадиковски, на Глобалната конференција за слобода на медиумите, одржана на 10-11 јули во Лондон, изјави дека неказнивоста за извршените напади врз новинарите и понатаму претставува голем проблем и пречка за слободата на изразувањето. Според Здружението на новинарите, Министерството за внатрешни работи ги завршило истрагите во врска со сите 12 тековни случаи на напади врз новинари извршени од 2017 година наваму, меѓутоа, освен во еден случај, не се преземени никакви дополнителни мерки или активности. На 17 мај, Основниот суд во Скопје му изрече три месечна условна казна на Тони Михајловски, инаку член на политичката партија ВМРО-ДПМНЕ, поради упатените закани кон новинарот Бранко Тричковски во месец јуни 2017 година. Во извештајот на ЕК се наведува дека земјата треба "да продолжи и понатаму да посветува внимание, на брзото и ефективно постапување на органите за спроведување на законите и судските органи, во сите случаи на физички или вербални напади врз новинарите."

До 31 август немаше никакви информации во врска со напредокот на истрагата на Основното јавно обвинителство во врска со жалбата на поранешниот Претседател на Здружението на новинари на Македонија (ЗНМ), Насер Селмани, од март 2018 година, кој тврдеше дека биле упатени закани по неговиот личен живот и животите на членовите на неговото семејство, од лице поврзано со политичката партија Демократска унија за интеграција.

На 16 април, новинарите кои известуваа за лошата инфраструктура во селото Арачиново тврдеа дека биле цел на закани и вербален напад од страна на одредени лица, за кои се верува дека се поврзани со градоначалничката Миликије Халими. Според наводите на новинарите, откако тие одбиле да ги избришат снимените разговори со локалното население, насилната група ги натерала да се упатат кон општинската зграда. Во соопштението за јавност од 18 април, Претставникот на ОБСЕ задолжен за слобода на медиумите, Арлем Десир, го осуди ваквото заплашување, нарекувајќи го “дрзок напад врз слободата на медиумите”. Дополнително, нападот го осудија и Здружението на новинари и Агенцијата за аудио и аудиовизуелни услуги. Полицијата не отвори истрага, затоа што, според нивните тврдења, новинарите не поднеле официјална пријава за инцидентот во полиција. Јавното обвинителство, исто така, не отвори истрага за овој случај.

На 4 јуни, ЗНМ и Советот за етика во медиумите (СЕМ) упатија силна осуда за “експлицитниот говор на омраза “ против етничките Албанци за време на прославата на ракометниот клуб Вардар, одржана во Скопје на 3-4 јуни, по повод освоената европска шампионска титула. ЗНМ и СЕМ ја изразија својата загриженост поради фактот што медиумите не го осудија таквиот говор на омраза, со кој се повикуваше на насилство и нетолеранција. Хелсиншкиот комитет, невладината организација ЦИВИЛ и политичките партии на Албанците ги осудија овие потпалувачки повици, барајќи сторителите да бидат изведени пред лицето на правдата.

<u>Цензура и содржински ограничувања</u>: Имаше некои извештаи дека власта вршела притисок врз новинарите за самоцензура. Во извештајот на ЕК за напредокот на земјата од 29 мај е наведено дека “не е остварен напредок во сферата на работничките и социјални права на новинарите, чии услови за работа сè уште се на ниско ниво. Како резултат, новинарите и понатаму се принудени на самоцензура. Долгите преговори што е водеа помеѓу

Самостојниот синдикат на новинари и медиумски работници и вработените во медиумската индустрија не резултираа со потпишување на било каков синдикален колективен договор со било која од медиумските куќи”.

<u>Законски одредби за навреда и клевета</u>: На лицата осудени за навреда и клевета им се изрекуваат парични казни, во зависност од предизвиканата нематеријална штета врз честа и угледот на оштетениот. Според ЕК, “преземени се првични чекори за намалување на казните за клевета до симболичен износ со надеж дека тоа ќе придонесе кон подобрување на чувството на постоење соодветна рамнотежа помеѓу слободата на изразување и заштитата на угледот и честа.”

На 29 јануари, Заменикот премиер Бујар Османи од ДУИ, објави дека неговата партија ќе поднесе пријави поради клевета, против неколку новинари и медиуми, кои изнеле наводни тврдења за одредени функционери на ДУИ, според кои тие извршиле злоупотреба на средства од државниот пензиски фонд. ЗНМ реагираше на 30 јануари, со барање до политичарите, да се воздржат од поднесување тужби за клевета против новинарите. На 7 февруари, портпаролот на ЕК, Маја Коцијанчиќ, посочи дека постојат информации за “закани со правни последици за медиумите или нивното известување”, упатени од одредени политички актери, повторувајќи ја препораката на ЕК од 2018 година, дека во земјата мора да постои “нула толеранција за евентуалното физичко и вербално вознемирување на новинарите и упатените закани кон нив”.

На 2 јули, Генералниот секретар на Владата, Драги Рашковски, објави дека ќе поднесе тужба против одредени новинари и медиумски портали, поради објавување лажни вести, со тврдења дека тој незаконски бил вмешан во јавна набавка на систем за управување со воздушниот простор. ЗНМ упати критики до Рашковски за неговите “директни закани” упатени кон новинарите, посочувајќи дека “таквите притисоци можат да резултираат во ‘самоцензура’”.

**Слобода на Интернетот**

Власта не вршеше никакви ограничувања или попречувања на пристапот до интернет, ниту пак ја цензурираше расположливата содржина. Немаше извештаи дека властите следеле приватни електронски комуникации преку интернет без соодветно законско овластување.

**Академска слобода и културни настани**

Немаше никакви владини ограничувања по однос на академската слобода или културните настани.

**б. Слобода на мирно собирање и здружување**

Законот ја пропишува слобода на мирно собирање и здружување и генерално, власта го почитуваше ова право.

**в. Верски слободи**

Погледнете го *Меѓународниот извештај за верските слободи* на Министерството за државни работи на САД, достапен на следнава интернет адреса: www.state.gov/religiousfreedomreport/.

**г. Слобода на движење**

Законите пропишуваат право на слободно движење низ државата, патување во странство, иселување и враќање во татковината и општо земено, власта ги почитуваше овие права.

Уште од 2015 година, во граничните области со Грција и Србија беше прогласена "кризна состојба". Истата беше продолжувана од страна на Владата на секои шест месеци, како и до крајот на годината. Кризната состојба им овозможува на надлежните државни органи да го регулираат влезот на мигрантите и нивниот транзит низ земјата. Од затворањето на таканаречената

“рута на Западниот Балкан” во 2016 година, пресретнатите мигранти во овие области беа редовно сместувани во привремените транзитни центри со ограничено движење, во близина на границата, а потоа, после неколку дена, истите беа враќани во земјата од која пристигнале. За време на престојот на мигрантите во транзитните центри или прифатниот центар за шверцувани странски лица, не им беше обезбедена слобода на движење, ниту пак беше воспоставена процедура за нивно формално отстранување од земјата или реадмисија.

<u>Движење низ земјата</u>: Според оценките на Високиот комесар за бегалци на Обединетите нации (УНХЦР), во периодот од 1 јануари 31 15 август низ земјата транзитирале околу 25,000 лица, меѓутоа, УНХЦР и Меѓународната организација за миграција (МОМ), ниту против едно од нив не регистрирале било какви дела од омраза. УНХЦР нема евидентирано никакви ограничувања во однос на движењето низ земјата за внатрешно раселените лица (ВРЛ), бегалците или лицата без државјанство.

## д. Внатрешно раселени лица (ВРЛ)

Според податоците на Министерството за труд и социјална политика (МТСП), 112 лица (26 семејства) се сè уште раселени по внатрешниот вооружен конфликт во 2001 година, при што седум од нив (три семејства) живееле во центрите за колективно сместување, а 105 лица (25 семејства) биле во приватно сместување или кај згрижувачки семејства. Владата обезбеди заштита и помош и понуди поддршка за безбедно и доброволно враќање, како и за повторното населување и локална интеграција на внатрешно раселените лица. Немаше пријавено ниту еден случај на евентуална злоупотреба на ВРЛ.

Иако не постои точно дефинирана национална политика и соодветен документ, власта во основа ги почитува *Насоките и начелата за внатрешно раселените лица на Обединетите нации.*

## ѓ. Заштита на бегалците

<u>Злоупотреба на мигранти, бегалци и лица без државјанство</u>: Владата соработуваше со УНХЦР, МОМ и со други хуманитарни организации за

потребите на обезбедување заштита и помош за внатрешно раселените лица, бегалците, бегалците повратници, барателите на азил, мигрантите, лицата без државјанство и останатите лица на кои им беше потребна помош и заштита.

Надлежните државни органи преземаа значителни мерки за спречување и откривање на криумчарењето мигранти. Во текот на годината, власта формираше работна група со претставници од Министерството за внатрешни работи и обвинители од Основното јавно обвинителство за гонење организиран криминал и корупција. Во извештајот на ЕК од месец мај се посочува дека проблемот на криумчарењето мора да се следи и анализира континуирано, имајќи предвид дека земјата и понатаму се наоѓа под сериозен притисок поради нејзината географска локација.

Во годишниот извештај на *Хелсиншкиот комитет за човекови права* за 2018 година се наведува следново: "Законските одредби за ограничувањето на слободата на движење за барателите на азил останаа. Имено, во Членот 63 е пропишано дека слободата на движење може да се ограничи во исклучителни случаи, односно, за потребите на утврдување и проверка на идентитет и државјанство и за утврдување на фактите и околностите врз основа на кои е поднесено барањето за право на азил, посебно ако се процени дека постои ризик од бегство, со цел, да се заштити јавниот ред или националната безбедност или кога странецот е задржан заради постапка на враќање или отстранување од земјата."

Според МОМ, движењето на мигрантите долж Западно балканската рута е потпомогнато од разни мрежи за криумчарење, кои ги изложуваат мигрантите на различни ризици од можна злоупотреба и експлоатација, вклучувајќи и трговија со луѓе.

Беше воспоставен мултисекторски систем и стандардни оперативни процедури (СОП) за жртвите да се заштитат од насилство засновано врз полот. Според УНХЦР, потребно е системот да се зајакне и да се обезбеди систематска примена на СОП, особено во однос на идентификацијата на поединечните случаи.

<u>Недоброволно враќање</u>: Според мислењето на УНХЦР, од 2016 година до сега, пристапот до процедурите за добивање азил во земјата е значително

подобрен, а изнајдени се и решенија во однос на поранешната загриженост во врска со произволната пракса на одбивање пристап до постапките за азил. Во текот на годината не беа забележани случаи на баратели на азил или бегалци што беа присилно вратени во небезбедни земји, ниту пак беше евидентиран било каков несоодветен притисок од било која земја, за тие да бидат вратени во нивната земја на потекло.

Пристап до азил: Законот дава можност за давање азил или бегалски статус, а државата има воспоставено систем за обезбедување заштита на бегалците. Сепак, според извештаите на УНХЦР, механизмот за носење одлуки по барањата за добивање статус на бегалец, не ги обезбедува основните процесни гаранции и соодветни постапки на проверка, како што тоа е предвидено со законот. Според нивните податоци, во првите осум месеци од годината, 252 мигранти поднеле барања за добивање азил. Ниту едно лице не добило статус на бегалец или лице под супсидијарна заштита.

Во месец април 2018 година, Собранието усвои нов Закон за меѓународна и привремена заштита. Според Македонското здружение на млади правници (МЗМП), со новиот закон се отстранети некои од недостатоците на стариот закон во врска со правото на повторно обединување на семејствата и пристапот до постапките за азил, меѓутоа, истиот во преголема мерка ја ограничува слободата на движење за барателите на азил. Меѓународната организација за миграции искажа слични реакции на загриженост во однос на новиот закон. На 14 септември, Уставниот суд ја отфрли иницијативата на МЗМП за поведување постапка за оценување на уставноста на Членовите 63 и 65 од законот, поднесена во месец мај 2018 година.

Надлежните владини органи издаваа лични документи за идентификација на бегалците со признат статус и на лицата под супсидијарна заштита, меѓутоа, постојано го одлагаа издавањето лични документи за идентификација или пак воопшто не го правеа истото во случајот на новите баратели на азил.

Мигрантите што беа задржани во Транзитниот центар за странци беа спречени да започнат постапка за добивање азил. Лицата сместени во Прифатниот центар за странци (установа од затворен тип во населбата Гази Баба), можеа да поднесат барање за добивање азил, само откако претходно, во кривична постапка, ќе дадат исказ пред судот против лицата одговорни за нивното

криумчарење. Во текот на годината, околу 50 проценти од вкупниот број барања за добивање азил регистрирани во земјата беа процесирани преку Прифатниот центар за странци.

Во текот на годината, Управниот и Вишиот управен суд продолжија да избегнуваат да носат мериторни одлуки по поднесените барања за добивање азил, иако, според МЗМП, тие имаат таква надлежност. Тие постојано ги враќаа предметите на дополнително разгледување од страна на Министерството за внатрешни работи.

Слобода на движење: Според УНХЦР, надлежните државни органи имаат задржано одредени лица, кои биле пресретнати во процесот на нивно криумчарење. Основите за нивното задржување се од произволен карактер. По правило, лицата можат да бидат задржани сè додека не биде утврден нивниот идентитет. Сепак, нивното задржување редовно било продолжувано и по нивната идентификација, за да се спречат да ја напуштат земјата пред да бидат повикани во суд, за да сведочат против кријумчарите. Освен тоа, најголемиот број баратели на азил кои претходно биле задржани, посочуваат дека не добиле примерок од одлуката за нивно задржување, а во случајот на оние што добиле таква одлука, истата не била на јазик што тие го разбираат, што ги спречувало да го искористат своето право за обжалување на одлуката пред надлежниот суд.

МЗМП посочува и дека праксата на задржување незаконски мигранти и баратели на азил, со цел, да се обезбеди нивното сведочење во кривичните постапки, продолжила во текот на целата година. Одлуките за задржување не содржеле информација во однос на законскиот основ за нивното задржување и не постоела делотвотна можност за судско разгледување на одлуките за задржување. Според МЗМП, на 28 август, најмалку 126 лица биле задржани во земјата како незаконски мигранти.

Во текот на годината, просечното време на задржување на овие лица изнесуваше 15 дена, додека најдолгиот период на задржување изнесуваше 45 дена, а најкраткиот само еден ден.

Во споредба со претходните години, забележани се одредени подобрувања, имајќи предвид дека генерално, жените, децата и семејствата не беа

задржувани, туку во замена беа користени некои други алтернативни решенија. За овие поединци беа изнајмувани таканаречени безбедни куќи, со кои управуваше една невладина организација и со финансиска помош од меѓународни донатори, така што луѓето не мораше да бидат сместувани во затвори или други одделенија за притвор. Како и да е, лицата беа под мониторинг и секоја недела, од нив се бараше да се пријавуваат кај надлежните органи.

Со Законот за меѓународна и привремена заштита од 2018 година, беше воведена можноста за задржување на барателите на азил, инаку во Законот идентификувана како “ограничување на слободата на движење”. Во согласност со овие законски одредби, тројца баратели на азил беа задржани во Прифатниот центар за странци, инаку установа од затворен тип. Во законот се наведува дека “употребата на ограничувањето на слободата на движење” треба да се користи само како крајно средство. Законот не пропишува други алтернативни мерки во замена за задржувањето. До 24 септември беа задржани повеќе деца без придружба и три жени.

<u>Вработување</u>: Не постојат ограничувања во однос на можноста на бегалците да работат и на барателите на азил чија постапка за добивање азил нема да биде завршена во рок од девет месеци законот им дозволува да поднесат барање за добивање работна дозвола.

Исто така, Законот за меѓународна и привремена заштита од 2018 година им го гарантира правото на работа и на лицата што се под супсидијарна заштита, како и на барателите на азил, чија постапка за добивање азил нема да биде завршена во рок од девет месеци. Лицата со признат бегалски статус и оние под супсидијарна заштита кои поседуваат работни дозволи, имаа пристап до активниот пазар на работна сила. Како и да е, барателите на азил сепак се соочуваа со одредени ограничувања, поради конфликтните закони. Според законот, за да му биде издадена работна дозвола, секој барател на азил мора да добие единствен број за лична идентификација. И покрај тоа што барателите на азил имаат законско право да поднесат барање за добивање работна дозвола, откако ќе поминат девет месеци од постапката за добивање азил, тие немаат право да добијат единствен број за лична идентификација, затоа што истиот закон предвидува, дека бројот може да се додели само откако ќе биде донесена позитивна одлука во однос на нивното барање за

добивање азил. Следствено, барателите на азил имаат право да работат, меѓутоа, таквото право не можат да го практикуваат, што претставува сериозен недостаток, имајќи предвид дека некои постапки траат и по две до три години, вклучувајќи ги и евентуалните судски постапки.

Пристап до основни услуги: Пред да биде донесена конечна одлука во врска со нивните барања за добивање азил, барателите на азил имаат право на основни здравствени услуги, во согласност со законските прописи за здравствено осигурување. Истото важи и за правото на образование. Сепак, до сега немало ниту еден случај на дете, кое потекнува од држава вон регионот, да биде запишано и да посетува некоја од државните образовни установи. По признавањето на статусот, лицата со бегалски статус имаат право на целосна здравствена заштита, под истите услови што важат и за сите други граѓани.

Трајни решенија: Според податоците на УНХЦР, во текот на годината, ниту едно од 394-те лица кои се во земјата, а го напуштиле Косово поради конфликтот во 1999 година, не се одлучило да се врати назад на Косово. Не е евидентиран ниту еден случај на повторно населување.

Законот дава можност за природување на бегалците што престојуваат во земјата под поволни услови, додека пак лицата кои се под супсидијарна заштита можат да бидат натурализирани како било кое друго странско лице со законски престој во земјата во времетраење од најмалку осум години. Во текот на годината, во земјата беа природени еден бегалец и едно лице под супсидијарна заштита.

Согласно законот, Министерството за труд и социјална заштита, во соработка со Министерството за внатрешни работи и УНХЦР, е должно да овозможи доброволно враќање на барателите на азил назад во нивните домови. Во текот на годината не се евидентирани случаи на доброволно враќање со помош од државата.

УНХЦР продолжи со давање помош на одбиените баратели на азил од Косово, на кои државата им дозволи да останат во земјата. Надлежните органи им издадоа привремени лични документи за идентификација, со што им се обезбеди пристап до сите потребни услуги. Министерството за труд и

социјална политика, со поддршка од УНХЦР, обезбеди интегрирано и долготрајно решение за околу 274 бегалци, кои побараа да останат во државата. Министерството им обезбеди социјална помош, сместување и пристап до образование, здравствени услуги и пазарот на работна сила.

Привремена заштита: Власта може да обезбеди супсидијарна заштита за лицата што не можат да бидат признати како бегалци, меѓутоа, во текот на годината ниту едно лице не беше ставено под овој вид на заштита.

**е. Лица без државјанство**

Некои лица со вообичаен престој и понатаму се беа законски регулирано државјанство, и покрај тоа што исполнуваа еден или повеќе од критериумите за добивање државјанство. Според консолидираните статистички податоци со кои располагаат власта, УНХЦР и невладините организации, на крајот на годината, во земјата имало вкупно 569 регистрирани лица без државјанство. Најголемиот број од нив се Роми без лични документи, за кои не постојат податоци во матичната евиденција. Децата родени во земјата од родители без државјанство, се сметаат за државјани и добиваат автоматско право на регистрација во матичната евиденција и издавање лични документи. На крајот на 2018 година, започна реализацијата на владината програма за регистрација во матичната евиденција на лицата без документи за лична идентификација.

Од распаѓањето на поранешната Социјалистичка Федеративна Република Југославија во 1991 година, околу 281 поединци се евидентирани како лица со долготраен вообичаен престој и со неутврдена национална припадност, под ризик да станат лица без државјанство. Според проценките на Министерството за труд и социјална заштита, околу 500 деца во земјата, немаат изводи од матичната книга на родени или воопшто не се регистрирани во матичната евиденција. На почетокот на 2018, државата започна со реализација на програма за регистрација на лицата без лични документи. Во месец јули, надлежните органи повторно објавија јавен повик до сите лица без изводи од матичната книга на родени и лица кои не се регистрирани во матичната евиденција, да се пријават во матичните служби за да бидат регистрирани до крајот на месец септември.

## Поглавје 3. Слобода на учество во политичкиот живот

Согласно законите, граѓаните имаат право да го бираат раководството на државата, преку слободни и фер периодични избори со тајно гласање и секој поединец има општо и еднакво право на глас.

### Избори и учество во политички активности

Неодамнешни избори: Последните претседателски избори се одржаа во два круга на 21 април и 5 мај. Според извештајот на ОБСЕ/ОДИХР за одржаните избори, "во текот на добро спроведените претседателски избори [втор круг], континуираното почитување на основните слободи им овозможи на избирачите да донесат одлука за кандидатите заснована врз соодветни информации". Во Извештајот беа посочени и одредени недостатоци во однос на изборните правила, како одраз на пошироките слабости на Изборниот законик, како и недоволното ниво на транспарентност во врска со финансирањето на политичките кампањи, поради нецелосното известување. Општите парламентарни избори одржани во 2016 година беа со рекордна стапка на излезност и само мал број ситни потврдени нерегуларности. Според извештајот на ОБСЕ/ОДИХР, иако Државната изборна комисија (ДИК) имаше одредени тешкотии со подготовката на изборите, оценката за самите избори е дека истите се генерално добро спроведени и без нарушувања на редот и мирот. Според ОДИХР, основните човекови слободи беа генерално почитувани и кандидатите имаа можност слободно да ги водат своите изборни кампањи, со оценка дека изборите се одвивале во "атмосфера која се карактеризира со недостаток на јавна доверба во институциите и политичкиот естаблишмент и наводен притисок врз гласачите". Според мислењето на ОДИХР, изборите не успеале да задоволат некои обврски и предуслови, кои, според ОБСЕ, се од исклучителна важност за демократскиот изборен процес, воглавно поради заплашување на гласачите, нашироко присутниот притисок врз државните службеници, купувањето гласови, принудата и злоупотребата на државните ресурси.

Во текот на годината, 57 граѓани поднеле претставки до канцеларијата на Народниот правобранител во врска со нивните изборни права. Од нив, 47

жалби биле поради повреда на правото на глас, пет биле поврзани со закани или притисоци, три се однесувале на гласачкото право на затворениците, а две претставки биле во врска со гласачкото право на болните лица. Според Народниот правобранител, Изборниот законик и неговото спроведување треба да се подобрат, со цел, соодветно да се адресираат сите прашања поврзани со гласачките права.

Политички партии и политичка активност: Постојат неколку ограничувања во однос на основањето или приклучувањето кон политички партии, кои подлежат на истите закони што важат и за обичните граѓани. Иако членувањето во некоја од политичките партии не е задолжително, во државата постои систем на активно политичко покровителство, во чии рамки партиите обезбедуваат посебни придобивки и предности за своите членови. Опозициската ВМРО-ДПМНЕ ја обвини власта за продолжување на ваквите практики, тврдејќи дека при вработувањето во државната администрација не се почитуваат законите и правилата за поседување соодветни образовни и стручни квалификации. На пример, на 22 април, Државната комисија за спречување на корупција (ДКСК) препорача покренување постапка против на Министерот за економија, Крешник Бектеши и Претседателот на Советот на јавни обвинители, Коле Штерјев, за наводно кршење на законските одредби за конфликт на интереси, поради вработување и назначување на државни функции на членови на нивните семејства.

Учество на жените и малцинствата: Не постојат закони што би го ограничиле учеството на жените и припадниците на малцинствата во политичкиот процес, па така, жените и малцинствата земаа активно учество. Законот предвидува застапеност на обата пола во кандидатските листи на секоја политичка партија за време на парламентарните и локалните избори. На кандидатските листи, најмногу две третини од кандидатите смеат да бидат од ист пол. Во месец август, 48 од вкупно 120-те пратеници беа жени, а тие беа застапени и со 4 претставнички во владиниот кабинет составен од 25 министри. Од вкупно 81 градоначалници, шест се жени.

Етничките Албанци и другите етнички малцинства и понатаму продолжуваат да се жалат на несоодветната застапеност во владините органи и постоењето дискриминација, која го оневозможува нивното учество во политичките активности. Во владиниот кабинет од вкупно 25 члена имаше девет министри

од албанско етничко потекло. Од вкупно 120 пратеници во Собранието, 23 беа од албанско етничко потекло, вклучувајќи го и Претседателот на Собранието.

## Поглавје 4. Корупција и недоволна транспарентност во работењето на власта

Законот предвидува кривична одговорност и казни за евентуално учество во коруптивни дејствија од страна на службените лица и функционерите. Власта во најголем дел ги применуваше овие законски одредби, меѓутоа, имаше неколку извештаи за државни функционери што биле вмешани во корупција. Според невладиниот сектор, владината доминантна улога во економијата создава можности за корупција. Државата беше најголемиот работодавач во земјата, при што, според оценките на одредени аналитичари, државата вработува и до 180,000 лица, без разлика на официјалните статистички податоци, според кои, бројот на вработени во јавниот сектор изнесува околу 128,000 лица.

Корупција: Во својот извештај од 29 мај, Европската комисија посочи дека во земјата се бележи "одредено ниво на подготвеност" и дека е "остварен добар напредок преку понатамошната консолидација на остварените резултати во истражувањето, кривичното гонење и судските разрешници за случаите на корупција на највисоко ниво, како и во однос на промените во законодавната рамка". Во извештајот посебно се нагласува назначувањето на новата Државна комисија за спречување на корупција (ДКСК) на 8 февруари, како процес што бил потранспарентен од порано и се посочуваат чекорите што Комисијата ги има преземено за проактивна борба против корупцијата. Сепак, Европската комисија наведува дека присутноста на корупцијата во повеќе области и понатаму претставува причина за загриженост.

До 26 август, ДКСК примила 465 пријави од граѓани и уште 12 од таканаречените пријавувачи, при што, најголемиот број од нив се однесувале на наводни случаи на злоупотреба на јавни средства, несоодветно водење на законски постапки и други видови несовесно однесување и постапување. Освен тоа, до Комисијата биле доставени и 81 пријави за конфликт на интереси. По сопствена иницијатива, ДКСК отвори 21 предмет за наводно постоење корупција, како и 65 предмети поврзани со непотизам. Исто така, Комисијата донесе и 68 решенија, кои резултираа со јавни опомени против државни функционери, препораки за поведување дисциплински постапки

против четири јавни службеници и еден предлог за разрешување на државен функционер.

На 21 август, Кривичниот суд во Скопје одреди 30 дневен притвор за Главниот специјален обвинител Катица Јанева, поради “злоупотреба на службената положба”, а во врска со таканаречениот случај “Рекет”. Нејзиното притворање следеше откако претходно, на 15 јули, Кривичниот суд во Скопје донесе решенија за притвор против директорот на 1ТВ Бојан Јовановски (познат како “Боки 13-ка”) и бизнисменот Зоран Милевски, во врска со истиот случај. По препорака на Собранието, Советот на јавни обвинители ја разреши Јаневска на 15 септември. Почетокот на судскиот процес за овој случај беше закажан за 3 декември.

На 13 септември, Главниот јавен обвинител го презеде постапувањето по предметите на Специјалното јавно обвинителство и објави дека истите ќе ги распореди за работа на соодветните јавни обвинителства според нивните надлежности и овластувања.

На 8 март, скопскиот Кривичен суд донесе осудителна пресуда против поранешниот Директор на УБК, Сашо Мијалков и му изрече тригодишна затворска казна за случајот “Титаник 2” во надлежност на СЈО, во кој, тој беше обвинет за примање награда за вршење противзаконито влијание за вршење изборна измама во врска со локалните избори во Струмица во 2013 година. Судот, исто така, изрече затворска казна во времетраење од три години и за лидерот на Демократската партија на Албанците (ДПА), Мендух Тачи; три години затвор за поранешните членови на Државната изборна комисија од редот на ВМРО-ДПМНЕ, Сашо Срцев, Анета Стефановска и Влатко Сајковски; како и затворска казна за членот на ДПА Бедредин Ибраими, во времетраење од четири години и шест месеци, поради злоупотреба на службена должност. На 10 септември, пред Апелациониот суд во Скопје, сè уште се одвиваше жалбената постапка, откако адвокатите на одбраната ги обжалија првостепените пресуди.

На 1 август, полицијата го лиши од слобода и го однесе во затвор Сеад Кочан, осуден во предметот “Труст” на Специјалното јавно обвинителство, на издржување затворска казна во времетраење од четири години и осум месеци, поради злоупотреба на постапка за јавна набавка. На 11 март,

Апелациониот суд во Скопје ги потврди осудителните пресуди против Сеад Кочан и Василие Авировиќ за истиот случај. Судот, исто така, ја потврди и одлуката за конфискација на имот и средства во вкупна вредност од 17.3 милиони евра (или 19.03 милиони долари), што претставува највисок износ на конфискација од страна на судовите во Северна Македонија досега.

Унгарскиот суд на 27 јуни го одби барањето од надлежните органи од Северна Македонија за екстрадиција на поранешниот премиер Груевски, кој избега во Унгарија во ноември 2018 година, откако претходно судот ја одби неговата жалба на донесената пресуда и му нареди да се јави во затворот на издржување на неговата двегодишна затворска казна за случајот “Тенк”, во кој станува збор за незаконска набавка на блиндирано возило Мерцедес во 2012 година, по цена од 600,000 евра (или 660,000 долари). Унгарија му даде азил. Освен тоа, на 7 октомври, Министерството за правда соопшти дека на 5 август добило известување од унгарските власти, дека Врховниот суд на Унгарија го одбил барањето на Северна Македонија за екстрадиција на Груевски, за случајот што се води против организаторите на насилните настани во собранието од 27 април. Претходно, на 27 јуни, унгарскиот суд одби да донесе решение за екстрадиција на Груевски во врска со предметот “Тенк” на СЈО. Исто така, на 13 ноември, Кривичниот суд во Скопје го отфрли и обвинението против Груевски во случајот на СЈО “Траекторија”, поради застарување на делото.

Финансиски податоци: Согласно Законот за спречување корупција, именуваните и избрани функционери и членовите на нивните потесни семејства, имаат обврска да поднесат анкетен лист, кој содржи информации за нивниот имот и приходи, а доколку не го сторат истото, можат да бидат казнети според законот. Анкетните листови се достапни за јавноста на веб страницата на Државната комисија за спречување на корупција. Комисијата редовно примаше и вршеше проверка на изјавите за конфликт на интереси, поднесени од јавни функционери. Во еден познат случај, во кој станува збор за Заменик претседателот на Владата задолжен за економски прашања, Кочо Анѓушев, ДКСК утврди постоење на конфликт на интереси, поради неговата вклученост во деловни зделки од негов личен интерес.

## Поглавје 5. Владин став во однос на истрагите за наводни повреди на човековите права водени од страна на меѓународни и невладини организации

Генерално, домашните и меѓународните организации за заштита на човековите права во земјата работеа без некои владини ограничувања, водејќи истраги и објавувајќи ги сопствените наоди во врска со случаите поврзани со заштитата на човековите права. Во поголемиот број случаи, владините функционери беа подготвени да ги слушнат коментарите на овие организации, меѓутоа, исто така, понекогаш не преземаа никакви мерки или активности во врска со нивните ставови и мислења. Во текот на годината, во неколку министерства се формираа работни групи со членови од граѓанскиот сектор, а претставниците од различните граѓански организации беа повикувани да земат учество во собраниските дебати.

Во 2016 година, даночните власти од претходниот владин состав, започнаа со вршење финансиски контроли на 20 организации од граѓанскиот сектор. Управата за јавни приходи, своите активности ги насочи кон невладините организации што беа критички ориентирани во однос на владините политики, предводени од ВМРО-ДПМНЕ. Во 2018 година, Министерот за внатрешни работи ги информираше организациите од граѓанскиот сектор, дека Министерството за внатрешни работи побарало од Јавното обвинителство да ги затвори овие истраги поради недостаток на докази, што беше и сторено во месец април.

<u>Владини тела за заштита на човековите права</u>: Работата на Народниот правобранител е насочена кон заштита на граѓаните од евентуални повреди на нивните права од страна на државните институции, намалување на дискриминацијата против малцинските заедници и лицата со инвалидитет, унапредување на соодветната застапеност во јавниот живот и заштита на детските права.

Со Законот за спречување и заштита од дискриминација, усвоен на 22 мај, беше укинат составот и работата на постојната Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, започнувајќи од 21 август. На крајот на годината сè уште не беше избран новиот состав на Комисијата.

## Поглавје 6. Дискриминација, социјална злоупотреба и трговија со луѓе

### Жени

Силување и домашно насилство: Силувањето мажи и жени, вклучувајќи го и она од страна на брачен другар, претставува кривично дело. Законски предвидената кривична санкција за силување е казна затвор од една до 15 години, меѓутоа, спроведувањето на овие законски одредби не беше на задоволително ниво.. Домашното насилство е забрането со закон, меѓутоа истото беше распространети вообичаен проблем.

Во периодот од месец јануари до јуни, Министерството за труд и социјална политика регистрираше 767 жртви на домашно насилство, од кои 572 жени, 160 мажи и 75 деца. Шест од нив, сите жени беа регистрирани како жртви на сексуална злоупотреба.

Државата го финансираше работењето на четири Регионални центри за згрижување жртви на домашно насилство, во кои беа сместени 56 жртви. Во соработка со граѓанскиот сектор, владата ја финансира работата на еден Центар за жртви на домашно насилство и еден Кризен центар, каде жртвите престојуваат од 24 до 48 часа. Во 2018 година, во овие центри беа сместени 126 жртви. Една од националните невладини организации имаше воспоставено телефонска линија за итни случаи на Македонски и Албански јазик и раководеше со уште два кризни центри за привремено засолнување и згрижување жртви на домашно насилство.

Сексуално вознемирување: Сексуалното вознемирување на мажи и жени на работното место е забрането со закон, а законски предвидената затворска казна за ова дело е од три месеци до три години. Власта делотворно но ги спроведуваше законските одредби во овој дел. Активистите за заштита на правата на жените формираа ново социјално движење препознатливо по паролата “Сега кажувам”, за да укажат на нормализацијата на сексуалното вознемирување во општеството. Сексуалното вознемирување на жените на работните места претставуваше проблем, меѓутоа, жртвите вообичаено не ги пријавуваат овие случаи, поради стравот од евентуален публицитет и можна загуба на работното место.

Принуда при контрола на наталитетот: Не постојат извештаи за принудни абортуси или несакана стерилизација.

Дискриминација: Жените го уживаат истиот правен статус како и мажите во однос на семејните, верските, статусните, трудовите, имотните, државјанските и наследните закони. Законите беа применувани на ефективен начин. Во некои заедници праксата мажите да даваат насоки како да се гласа или да гласаат наместо женските членови на нивните семејства ги доведуваше жените во неповолна положба. Од месец јануари до јули, до Комисијата за заштита од дискриминација беа поднесени 21 жалби во однос на нееднаквиот третман на жените во политичкиот живот.

Собранието го усвои Законот за спречување и заштита од дискриминација на 11 март, во кој родовиот идентитет и сексуалната ориентација се конкретно наведени како категории кои уживаат заштита од дискриминација. Според Законот, сите тужители во предметите за дискриминација и тужителите од граѓанскиот сектор во случај на групна тужба, се ослободени од плаќање судски трошоци.

Во текот на годината, до МЗМП и Комисијата за заштита од дискриминација беа поднесени неколку жалби за наводна дискриминација против жени спортистки. Комисијата утврди постоење на дискриминација и од сите спортски федерации побара усогласување на нивните внатрешни прописи и практики со законите за спречување и заштита од дискриминација. До МЗМП беа поднесени и неколку жалби од бремени жени, поради дискриминација на работното место.

**Деца**

Матична евиденција: Согласно законот, државјанството на едно лице во основа зависи од државјанството на неговите или нејзините родители. На секое напуштено дете што се нашло на територијата на државата законот му овозможува да добие државјанство, освен доколку надлежните органи не утврдат дека неговите родители всушност се странски државјани пред детето да наполни 18 години. Во државата се врши автоматска регистрација на сите деца родени во болниците и другите здравствени установи, а согласно

законот, родителите се должни во надлежната матична служба да го пријават раѓањето на секое дете, вклучувајќи ги и оние што се родиле во домот, во рок од 15 дена по раѓањето. Некои ромски семејства доцнат со пријавувањето и регистрацијата на новороденчињата, што понатаму во животот им ја отежнува можноста да ги уживаат своите права на образование, здравствена грижа и други придобивки, поради немањето соодветни лични документи за идентификација.

Детска злоупотреба: Постојат закони со кои се забранува злоупотребата на децата, а на сторителите на вакви дела можат да им бидат изречени парични или затворски казни, како и забрана за вршење дејност. Злоупотребата на децата преставуваше проблем во одредени области. Државата има воспоставено телефонска линија за помош на жртвите на домашно насилство, вклучувајќи и детска злоупотреба.

Предвремено и присилно стапување во брак: Минималната законски предвидена возраст за стапување во брак е 18 години. На лица на возраст помеѓу 16 и 18 години, судот може да им дозволи да стапат во брак, доколку оцени дека истите се душевно и физички подготвени и способни за брачен живот. Предвременото и присилно стапување во брак е присутна повремена појава во ромската заедница, а во многу помал обем и во одредени албански заедници. Не постојат официјални податоци за бројот на малолетни мајки.

Сексуална злоупотреба на деца: Сите форми на сексуално искористување на децата за комерцијални цели се законски забранети, вклучувајќи го и нудењето, продажбата или наоѓањето деца за потребите на проституција. Законски предвидената казна за сексуално искористување на деца за комерцијални цели, е од 10 до 15 години затвор. Детската порнографија е забранета со закон и за секоја повреда на законот е предвидена затворска казна од 5 до 15 години. Надлежните државни органи обезбедија спроведување на законите во оваа сфера. Најниската возраст за доброволно стапување во сексуални односи е 16 години. Законите во државата се усогласени со Конвенцијата за правата на детето, според која, секое лице што нема навршено 18 години се смета за дете.

Според власта, сексуалното искористување на децата за комерцијални цели претставува проблем, меѓутоа, не може да се каже точно од колкав обем. На

државно ниво, постои онлајн регистар на лица осудени за трговија со деца и сексуална злоупотреба на деца, кој може да се пребарува според името и адресата на осудениот сторител и кој содржи фотографии, податоци за осудителните пресуди и адреси на живеење на сторителите. После десет години од издржувањето на казната, сторителите на овие дела имаат право да побараат, нивното име да биде избришано од регистарот, под услов во меѓувреме да не сториле ново дело. Според податоците во регистарот, во текот на годината, шест лица биле осудени за педофилија и се на издржување на затворски казни во времетраење од две до дваесет години.

Раселени деца: Според Министерството за труд и социјална политика, до крајот на месец август се регистрирани нови 56 случаи на раселени деца од различно етничко потекло. Од јуни до август, Министерството за труд и социјална политика, преку мобилните тимови воспоставени од Центрите за социјална работа, а со поддршка од УНИЦЕФ и МОМ, регистрираше вкупна бројка од 222 деца на улица. Според Извештајот на канцеларијата на Народниот правобранител за 2016 година, 236 деца биле без соодветно засолниште. Со меѓународна поддршка, Министерството раководеше со два дневни центри за деца од улица. Власта обезбеди и транзитен центар за згрижување на децата од улица, меѓутоа, неговата ефективност, од аспект на понудата на соодветни социјални услуги беше ограничена, поради неговата мала големина и капацитет за згрижување (погледнете точка 2.г.).

Деца сместени во институции: Во 2018 година, активисти и канцеларијата на Народниот правобранител говореа за отсуство на одговорност во однос на можното занемарување и злоупотреба на децата во детските домови, засолништа и центри за сместување и задржување. Како одговор на тоа, наместо во Јавната установа за згрижување деца со воспитно - социјални проблеми и нарушено поведени и во двата дома за деца без родители, Министерството за труд и социјална политика започна децата да ги сместува кај индивидуални семејства. Во месец август, по пет до шест деца по дом беа со постојан 24-часовен надзор од социјален работник и стручен кадар за детска грижа. На 13 октомври, сите сираци на возраст помала од три години беа сместени во згрижувачки семејства. Исто така, МТСП презема одредени чекори за скратување на времетраењето на неопходната процедура за посвојување сирачиња и напуштени деца. Немаше никакви пријави за евентуална злоупотреба на децата во нивните нови домови.

Канцеларијата на Народниот правобранител посочи дека воспитно – поправниот дом во Волковија – Тетово, кој беше завршен во 2016 година, сè уште не функционираше. Малолетниците и понатаму се сместуваа во казнено – поправниот дом во Охрид, кој целосно не ги задоволува дефинираните критериуми за сместување малолетни лица и не овозможува нивна соодветна рехабилитација и услуги на медицинска грижа.

Меѓународно грабнување деца: Државата е потписничка на Хашката Конвенција за граѓанско - правните аспекти на меѓународното грабнување деца од 1980 година. Погледнете го *Годишниот извештај за меѓународното родителско грабнување деца* на Министерството за надворешни работи на САД на следнава адреса:
https://travel.state.gov/content/travel/en/International-Parental-Child-Abduction/for-providers/legal-reports-and-data/reported-cases.html.

**Антисемитизам**

Според Еврејската заедница, во земјата живеат околу 200 Евреи. Заедницата не се пожали на некакви акти на насилство или на некакви акти на анти-семитизам против нејзините припадници.

**Трговија со луѓе**

Погледнете го *Извештајот за трговија со луѓе* на Министерството за надворешни работи на САД, достапен на следнава интернет адреса:
https://www.state.gov/trafficking-in-persons-report/.

**Лица со инвалидитет**

Согласно законот, забранета е било каква дискриминација на лица со физички, сетилни, интелектуални и душевни пречки во развојот, како и во однос на нивниот пристап до образование, вработување, здравствени услуги, информации, комуникација, градежни објекти, транспортни средства, судскиот систем или било кои други државни услуги, меѓутоа, власта не секогаш делотворна ги спроведување ваквите одредби. Со новиот Закон за спречување и заштита од дискриминација, неуспехот во обезбедувањето на

соодветно сместување е идентификуван како форма на дискриминација врз основ на попреченост. Согласно законот, лицата што биле предмет на дискриминација, имаат право да поднесат жалби до Комисијата за заштита од дискриминација. Во месец ноември, Комисијата не функционираше, затоа што се очекуваше изборот на нејзините нови членови.

Основањето и функционирањето на посебен владин фонд за стимулирање на вработувањето на лица со инвалидитет се регулирани со посебен закон. Со фондот раководи Агенцијата за вработување, со дополнителен надзор од страна на Министерството за труд и социјална политика. Фондот нуди дотации за реконструкција на работни простории или за набавка на опрема за конкретни работни места, со цел, да се обезбедат соодветни работни услови за лицата со попреченост. Според законот, сите лица со физичка или душевна попреченост, мораат да добијат одобрение од соодветна владина здравствена комисија, доколку сакаат да бидат вработени на раководни позиции во приватниот или јавниот сектор.

Стандардите за непречен физички пристап за сите нови градежни објекти се дефинирани со закон, а постојните јавни институции до крајот на 2015 година мораа да обезбедат соодветен пристап и влез во нивните објекти за лицата со инвалидитет. Невладините организации известуваа дека многу од зградите на државните органи, всушност, не ги исполнуваат законските услови. И покрај тоа што сите автобуси што Владата ги набавуваше за градот Скопје од 2013 година наваму се достапни за лицата со физичка попреченост, во другите региони овие лица и понатаму немаат соодветен пристап до средствата за јавен транспорт.

Министерството за образование и наука преземаше напори за обезбедување соодветна поддршка за да им се овозможи на децата со пречки во развојот да учат во редовните училишта. Министерството ангажираше посебни едукатори, назначени да работат во поединечни избрани училишта или како “мобилни” општински специјални едукатори што ќе ги покриваат сите училишта во општината, како поддршка за наставниците, кои во редовна настава имаат и деца со инвалидитет или пречки во развојот. Дополнително, надлежните образовни органи поставија лифтови во неколку основни училишта и воведоа соодветна технологија во неколку основни и средни училишта, за да им се овозможи на учениците со пречки во развојот да

користат компјутери. И покрај сите овие напори, голем број ученици со пречки во развојот и понатаму ги посетуваат специјалните училишта. На претседателските избори, голем број од гласачките места, особено во руралните области, не беа пристапни за лицата со попреченост.

Во месец јули, Одделението за деца и попреченост при канцеларијата на Народниот правобранител, формираше посебен тим за спроведување на Конвенцијата за лица со попреченост на Обединетите нации. До 13 септември, канцеларијата на Народниот правобранител прими и постапуваше по 12 претставки, во врска со наводна дискриминација против лица со попреченост.

**Национални / расни / етнички малцинства**

Според податоците од последниот попис од 2002 година, етничкиот состав на населението е: 64.2 проценти Македонци, 25.2 проценти Албанци, 3.9 проценти Турци, 2.7 проценти Роми, 1.8 проценти Срби, 0.8 проценти Бошњаци и 0.5 проценти Власи. Според годишниот извештај на Народниот правобранител, етничките малцинства, со исклучок на Србите и Власите, не се доволно застапени меѓу вработените во јавните служби и другите државни институции, вклучувајќи ја и армијата, полицијата, разузнавачките служби, судовите, Народната банка, царината и јавните претпријатија.

Согласно законот, наставата во основните и средните училишта се одвива на македонски, албански, ромски, турски и српски јазик. Бројот на ученици од малцинствата, кои следат настава во средните училишта на својот мајчин јазик и понатаму се зголемува, а особено откако средното образование стана задолжително во 2007 година, иако државата не успеа целосно и насекаде да обезбеди настава на ромски јазик, поради недостаток на квалификуван наставен кадар.

На 15 јануари, Собранието го усвои Законот за употреба на јазиците и неговата примена стана задолжителна. Овој Закон, за голем број етнички Албанци значеше разрешување на последното преостанато нерасчистено прашање поврзано со Охридскиот рамковен договор. Етничките Албанци продолжија да се жалат поради нивната несоодветна застапеност во владините министерства и јавните претпријатија, како и поради несразмерна распределба на буџетот.

Во месец септември, Народниот правобранител укажа на бавното спроведување на мерките за еднаква застапеност на етничките заедници во државната администрација, вклучувајќи ги и органите за спроведување на законите. Според годишниот извештај на Народниот правобранител за 2018 година, во споредба со претходните години, застапеноста на етничките Албанци во државните институции беше нешто пониска. Застапеноста на етничките Албанци и другите малцинства во цивилниот дел од државната администрација во рамки на Министерството за одбрана и понатаму остана на ниско ниво, со 19 проценти општа застапеност и нешто под 13 проценти застапеност на менаџерските / лидерски позиции. Во некои од елитните полициски и воени единици, етничките малцинства речиси и да немаат свои претставници.

Ромите се жалат на широко распространета дискриминација во општеството. Според извештаите на невладините организации и меѓународните експерти, работодавачите често не се подготвени да вработуваат Роми, а некои од Ромите се жалеа дека не можат да остварат пристап до јавните услуги и бенефиции. Министерството за здравство и невладината организација Хера, во партнерство со УНИЦЕФ, беа спонзори на Програмата за ромски здравствени медијатори за унапредување на здравствените, социјалните и развојните услуги во раното детство, во седум општини со висока стапка на ромско население. Етничките Турци, исто така, се жалат поради недоволна застапеност во државните институции.

**Акти на насилство, дискриминација и други злоупотреби, врз основа на сексуална ориентација и родов идентитет**

Уставот и законите забрануваат дискриминација по основ на сексуална ориентација во сферата на домувањето, вработувањето, државјанството, пристапот до одредени државни услуги, како на пример здравствената грижа, а владините органи ги спроведуваа овие закони во пракса. Сексуалните односи помеѓу припадници на ист пол се дозволени.

Припадниците на лезбејската, геј, бисексуалната, трансродовата и интерсексуалната (ЛГБТИ) заедница и понатаму остануваат маргинализирани и активистите кои даваат поддршка за правата на ЛГБТИ заедницата

известуваа за случаи на социјални предрасуди, како и говор на омраза. Во текот на годината, невладината коалиција Маргини евидентираше 70 случаи на насилство против припадниците на ЛГБТИ заедницата, пет случаи на дискриминација и еден случај на вербален напад од страна на полициски службеник. Во еден инцидент, група ученици во средно училиште извршиле вербален и физички напад над еден нивни соученик од ЛГБТИ заедницата и му го скршиле носот. Нападнатиот ученик го пријавил инцидентот кај директорот на училиштето, меѓутоа, решил да не го пријавува и во полиција. Дополнително, коалицијата Маргини посочува дека најголем број од насилствата против ЛГБТИ лицата, не се пријавуваат во полиција или кај некои други институции. Според коалицијата, кај скопското Јавно обвинителство и понатаму отсуствува делотворност во обработката на тековните случаи, во кои се работи за говор на омраза насочен против припадниците на ЛГБТИ заедницата. На 17 јануари, Европскиот суд за човекови права (ЕСЧП) пресуди дека државата ги прекршила правата на приватност, како и правото на жалба, на едно трансродово лице, а во врска со процедура за промена на пол. Судот донесе пресуда против државата, која е должна на неименуваниот тужител да му исплати €9,000 ($9,900) на име надомест на штета. И покрај оваа пресуда на Судот, невладините организации се жалат дека државните органи не се подготвени да ги признаат измените на родовиот идентитет, во документите за лична идентификација на граѓаните.

На 29 јуни, денот кога се одржа првата парада на гордоста воопшто во земјата, околу 20 лица во Скопје, го нападнаа познатиот ЛГБТИ активист Беким Асани. Напаѓачите го бркале Асани по улиците, заедно со уште шестмина ЛГБТИ активисти, ги извлекле од такси возило и го тепале Асани, со закани дека ќе го убијат него и останатите активисти. Полицијата ги уапси напаѓачите и отвори кривична истрага за настанот.

Граѓанските организации беа свесни за недостатоците и затоа работеа на подобрување на законодавната рамка за заштита на ЛГБТИ заедницата од дискриминација. Во Законот за основно образование што беше усвоен во месец јули, беа воведени елементи против дискриминација поврзана со сексуалната ориентација или родовиот идентитет. Законот за спречување и заштита од дискриминација што беше усвоен во месец мај, експлицитно забранува било каква дискриминација по основ на сексуална ориентација или родов идентитет во сите животни сфери. Амандмани на Кривичниот законик

посебно ги наведуваат сексуалната ориентација и родовиот идентитет с во делот од Законот со кој се регулира говорот на омраза.

Првата Парада на гордоста се одржа во месец јуни. Полицијата беше задолжена за безбедноста на околу 2,000 учесници, а на парадата присуствуваа и неколку пратеници од Собранието и министри од Владата. Парадата предизвика одредена доза на говор на омраза на социјалните медиуми.

## Поглавје 7. Работнички права

### а. Слобода на здружување и право на колективно преговарање

Законот го гарантира правото на работниците да се организираат и членуваат во независни синдикати, колективно да преговараат и да организираат законски штрајкови. Законот забранува било каква дискриминација против работничките синдикати и обезбедува враќање на работно место на работниците што биле отпуштени заради синдикална активност. Членувањето во синдикалните организации е на доброволна основа, а нивните активности се финансираат преку членарините. Околу 22 проценти од сите вработени во државата се членови на некој синдикат.

Синдикалните претставници, со исклучок на претставниците од неколку гранкови синдикати, тврдеа дека во основа, тие не уживаат целосна слобода од евентуалните влијанија што ги вршат државните функционери, политичките партии и работодавачите.

Согласно законот, секоја синдикална организација мора да се регистрира во Министерството за труд и социјална политика и Централниот регистар на Република Македонија.

Судовите од општа надлежност имаат право да го укинат работењето на синдикатите, на барање на надлежниот орган за нивна регистрација, доколку се утврди дека нивните синдикални активности се “спротивни на Уставот и законите”. Не постојат никакви ограничувања во однос на националноста на синдикалните членови, меѓутоа, за членување во некој од синдикатите,

странските државјани мораат да поседуваат валидна работна дозвола во Република Македонија и да бидат вработени во компанијата или државниот орган наведен во дозволата. Иако за тоа не постојат никакви законски пречки, во слободните трговски зони не е формиран ниту еден синдикат.

Државните органи и работодавачите не секогаш ги почитуваа слободата на здружување, правото на штрајк и колективно преговарање. Синдикалните организации беа на мислење дека законските одредби за “отстранување” од работа, им дозволуваат на работодавачите да им забранат на вработените (до 2% од нивниот број) да водат колективни преговори за време на штрајк. Колективното преговарање е дадено како можност на синдикалните организации, кои ги застапуваат интересите на најмалку 20 проценти од вкупниот број вработени и на здруженијата на работодавачи што застапуваат најмалку 10% од работодавачите на конкретното ниво на кое се преговара (претпријатие, сектор или на национално ниво). Ресурсите на државните органи за спроведување на законот во оваа сфера и правните лекови што се нудат не беа на задоволително ниво. Законски предвидените парични казни за повреди на законот во овој дел не беа доволни за да се спречат повредите. Поведените управни и судски спорови, генерално, беа предмет на подолготрајни одложувања.

Во текот на 2018 и 2019 година, Министерството за труд и социјална политика имаше добиено три пријави за повредите на правото на синдикално организирање и слобода на здружување. Овие жалби беа препратени до Државниот трудов инспекторат и од тој момент од него се очекуваше да постапи по истите.

Претседателот на Конфедерацијата на слободни синдикати (КСС), Благоја Ралповски, тврдеше дека добил отказ од државната Агенција за катастар на недвижности поради неговите синдикални активности. Тој поднесе жалба за незаконски прекин на работниот однос, а на крајот на годината сѐ уште се очекуваше судска разрешница за овој случај.

**б. Забрана за присилна и задолжителна работа**

Уставот и законите ги забрануваат сите форми на присилна или задолжителна работа и власта во најголем дел ги спроведуваше важечките закони во оваа

сфера. Законот пропишува затворски казни за сите повреди на одредбите за присилна работа или за уништување или одземање на лични документи за идентификација, пасош или друг вид патна исправа. Општо земено, предвидените казни беа доволни за да се спречат ваквите повреди на законот. Имаше случаи на жени и деца, изложени на присилна работа, меѓу другото и за продажба на ситна стока во ресторани и барови, како и на сексуална експлоатација. Некои ромски деца, често под притисок од своите роднини, беа присилувани да просат (погледнете ја точката 7.в.).

Погледнете го и годишниот *Извештај за трговија со луѓе* на Министерството за надворешни работи на САД, достапен на следнава интернет адреса: https://www.state.gov/trafficking-in-persons-report/.

**в. Забрана на детски труд и минимална возраст за вработување**

Државата поседува закони и прописи за регулирање на детскиот труд, меѓу другото и за забрана на најсериозните форми на детски труд. Власта преземаше напори овие закони и прописи да ги спроведе во формалната економија, но истото не го стори и во неформалниот економски сектор. Постојат одредени недостатоци во законската рамка кои треба да бидат елиминирани, со цел, децата целосно да се заштитат од трудова експлоатација, вклучувајќи ги и најсериозните форми на детски труд и да се обезбеди почитување на минималната возраст за работен ангажман. Минималната возраст за вработување е 15 години, но, децата можат да започнат да работат и на 14-годишна возраст, како чираци или во својство на учесници во некоја официјална програма за стручно образование, на културни, уметнички, спортски и рекламни настани и активности. Законот забранува вработување малолетни лица на возраст пониска од 18 години, на работни места што можат да бидат штетни за нивното физичко или ментално здравје и морал. Согласно законот, на малолетните лица им е забрането да работат ноќе или повеќе од 40 часа во неделата.

Трудовиот инспекторат при Министерството за труд и социјална политика е задолжен за спроведување на законите со кои се регулира детското вработување. Полицијата и Министерството за труд, преку центрите за социјална работа, ја споделуваат одговорноста за спроведување на законските одредби за трговија со деца, вклучувајќи го и присилното просење.

Поради недоволното ниво на спроведување на законите, строгите законски предвидени казни не се доволни за спречување на ваквите законски повреди.

Немаше извештаи за работен ангажман на деца на возраст под 18 години формалната економија. Во текот на инспекцискиот надзор на неколку семејни компании, инспекторите од Државниот трудов инспекторат забележале мали деца кои помагале во работата, најчесто во трговијата и занаетчиството, како и на земјоделските фарми.

Некои деца во земјата беа а вклучени во активности на присилно питачење, миење стакла на автомобилите, претурање по ѓубришта и продажба на цигари и други ситници на зелените пазари, по улиците или ноќе, во баровите и ресторените. И покрај постоењето на соодветни закони, владините напори за елиминирање на присилното детско питачење, во најголем дел беа неделотворни. Најголемиот дел од децата вклучени во овие активности се Роми, Ашкали и балкански Египќани и најчесто работат за нивните родители или другите членови на семејството. И покрај примената на расположливите законски мерки, како на пример, привременото одземање на родителското право, кривични обвиненија и целосно одземање на родителското право за повторниците, во најголем дел, надлежните органи беа неуспешни во спречувањето на оваа континуирана појава, а ромските деца и понатаму остануваат ранливи и изложени на експлоатација и присилна работа.

Министерството за труд и социјални работи воспостави и управуваше со еден повикувачки центар, каде можеа да се пријавуваат случаи на злоупотреба на деца, а најголемиот број од пријавените инциденти беа поврзани со уличното питачење. Министерството за труд и социјални работи, исти така, ја финансираше и работата на два дневни центри, во кои се нудеа образовни, медицински и психолошки услуги, за децата што се принудувани да питачат по улиците.

Погледнете ги и *Наодите за најтешките форми на детски труд* на Министерството за труд на САД, достапни на следнава адреса: https://www.dol.gov/agencies/ilab/resources/reports/child-labor/findings.

### г. Дискриминација во однос на вработувањето и занимањето

Општо земено, законите и прописите во трудовата сфера забрануваат било каква дискриминација по основ на раса, пол, родова припадност, инвалидитет, здравствена состојба, политичка ориентација, вера, возраст, национално потекло, јазик или социјален статус. Не постојат конкретни законски одредби, со кои би се регулирала евентуалната дискриминација против лицата носители на вирусот ХИВ или други заразни болести, меѓутоа, постојат одредби во однос на здравствениот статус на работниците. Во овој дел, државните органи не беа секогаш делотворни во спроведувањето на законските одредби, а предвидените казни не беа секогаш доволни за да се спречи понатамошното кршење на законот. Државната комисија за спречување на корупција прими 136 поплаки во врска со дискриминација на работното место, при што, најголемиот број од нив се однесувале на родова и дискриминација по основ на возраст.

И покрај владините напори и законските промени за задолжително вклучување на сите деца во образовниот процес во основното и средното образование, ромската заедница продолжува да живее во одвоени групи, без соодветна здравствена и социјална заштита, во најголем дел поради тоа што не се евидентирани во матичната евиденција. Податоците од државната Агенција за вработување укажуваат на фактот дека поради слабата вклученост во образовниот систем, особено во високото образование, Ромите генерално имаат потешкотии во наоѓањето вработување во формалната економија. Личните примања на жените се пониски во споредба со оние на мажите и многу малку жени се наоѓаат на раководни позиции. Владата преземаше мерки за да ја спречи дискриминацијата на лицата со инвалидитет, од аспект на можноста за вработување и пристапот до самите работни места.

### д. Прифатливи работни услови

На 15 октомври, износот на минималната месечна плата на национално ниво беше под утврденото минималното ниво на прагот на сиромаштија за семејство од четири члена, меѓутоа, просечната исплатена месечна плата беше значително повисока. Според проценките на Државниот завод за статистика, 22.9 проценти од населението живееше на самиот праг на сиромаштија или под него.

И покрај тоа што Владата ги утврдува применливите стандарди за безбедност и здравје при работа за работодавачите, овие стандарди не беа спроведувани во неформалниот сектор.

Вкупниот број инспектори задолжени за истражување на наводните повреди на законите во трудовата сфера е соодветен, а изречените казни беа доволни за одвраќање на евентуалните идни повреди на законот. Сепак, извршените инспекциски надзори не беа доволни за да се обезбеди целосно придржување кон законите, делумно и поради несоодветната територијална распределба на инспекторите.

Законот предвидува 40 часовна работна седмица со најмалку 24 часа за одмор, платен одмор во должина од 20 до 26 работни дена, како и платено боледување во случај на болест. Според законот, вработените не смеат да имаат повеќе од осум часа прекувремена работа просечно за една седмица, во рамки на еден тримесечен период или не повеќе од 190 часа на годишно ниво. Според колективниот договор во приватниот сектор, потпишан помеѓу работодавачите и синдикатите, вработените во приватниот сектор, за прекувремената работа, имаат право на исплата во износ од 135 проценти од нивните редовни примања. Освен тоа, законот предвидува и исплата на тринаесетта плата, за сите работници кои имаат повеќе од 150 часови прекувремена работа во текот на годината.

Во текот на годината, Трудовиот инспекторат при Министерството за труд и социјална политика поднесуваше пријави против неколку компании, кои ги присилувале своите вработени да работат долги смени, без законските предвидени паузи за одмор; не исплаќале плати, придонеси и прекувремена работа; и го кrателе времето за годишен одмор што инаку им следува на вработените. Кршењето на законите во однос на платите и прекувремената работа е најчеста појава во текстилниот сектор, градежништвото, железничките услуги и малопродажбата.

Законските одредби во однос на минималната плата, работното време и стандардите за безбедност и здравје при работа, не беа делотворно спроведувани во пракса. Многу работодавачи вработуваа работници, без притоа да се придржуваат кон законите, а деловните субјекти во

малопродажбата често бараа од своите вработени да работат во смени кои во голема мерка ги надминуваат законски пропишаните граници за работното време. Во текот на годината, Националниот Совет за безбедност и здравје при работа не беше целосно функционален и имаше само советодавна улога. И покрај тоа што на работното место работниците имаат законско право да ја избегнат секоја можна ситуација што би била ризична по нивното здравје или безбедност без да го доведуваат во опасност своето работно место во иднина, работодавачите секогаш не го почитуваат ова нивно право, наводно како последица на високата стапка на невработеност.

Според податоците на Македонското здружение за заштита при работа, во текот на 2018 година имало 33 несреќи со смртни последици на работните места, како и 124 вработени кои се здобиле со повреди на работното место. Најголемиот број од смртните случаи се во категоријата на домашни работни активности, кои вклучуваат активности во земјоделството и употребата на земјоделска опрема, а веднаш по нив следат несреќите со смртни последици во градежниот сектор.